**Упатство за аплицирање**

**По објавен повик за доделување грантови**

**Донатор: Фондација д-р Верица Механџиска**

Фондација
д-р Верица Механџиска

Датум на објава на повикот: 30.04.2026

Краен рок за аплицирање: 28.05.2026, најдоцна до 15:00 часот (македонско време)

**За донаторот:**

Фондацијата Д-р Верица Механџиска е поддржана од Компанијата Зегин со цел да ги обедини сите филантропски активности и активности наменети за поддршка на ранливите категории, кои компанијата ги поддржува уште од своите почетоци. Во фокус на своето работење, Фондацијата го става подобрувањето на квалитетот на живот на лицата со попреченост особено на лицата со нарушување од аутистичниот спектар. Дополнително, Фондацијата континуирано донира во болници и медицински установи, за потребите на медицинскиот кадар или на пациентите, социјално загрозени семејства, СОС детското село, разни други организации и здруженија и на сите оние на кои им е потребна.

Мисијата на Фондацијата д-р Верица Механџиска е да придонесе кон подобро и поправедно општество преку создавање на позитивни промени и насочени активности за подобрување на здравствените, социјалните и истражувачките услови и можности, како и поддршка на иновативни процеси, развој и учество на сите заинтересирани страни.

Визијата на Фондацијата е развиено, хумано и инклузивно општество каде секоја единка ги остварува своите права, можности, идеи и потенцијал. Фондацијата д-р Верица Механџиска стреми да прерасне во организација која е прв избор на граѓаните, компаниите и донаторите во остварување на оваа заедничката визија, вкоренета во емпатија, и верување дека секој човечки живот е подеднакво важен.

Фондацијата се застапува и за промени во служба на јавниот интерес и зголемување на социјалната кохезија. Неуморно ги поттикнува и поддржува поединците, компаниите, организациите и донаторите кон преземање акции за општото добро.

Во таа насока е и развојот на програма за грантирање, каде Фондацијата со минимум 3 гранта ќе поддржи минимум 3 различни проекти, и тоа:

- Истражувачки проект поврзан со сознанија за нарушувањето од спектарот на аутизам
- Проект насочен кон иновативен пристап/иновативно решение/иновација во надминување на предизвиците на лицата со аутизам.
- Проект поврзан со подобрување на квалитетот на живот на лицата со аутизам.

Предложените проекти треба да се проекти од јавен интерес.

**Расположливи средства и распределба на финансиите**

Грантот кој ќе се доделува за секој проект не може да надминува 10.000 ЕУР (615.000 МКД), а целокупниот износ на финансиски средства кој е на располагање во рамките на овој повик за грантови изнесува 30.000 ЕУР (1.845.000 МКД).

**Кој може да аплицира за грант?**

Апликанти на овој повик може да бидат сите правни субјекти во државата, а предност ќе имаат непрофитни правни субјекти регистрирани согласно законот за здруженија и фондации. Пријавите мора да имаат еден носител на апликација и еден ко-апликант. Ко-апликантот мора да го потврди партнерството со носителот на апликацијата преку Изјава за пристапување кон реализирање на проект (Прилог 3)

Носителот на апликацијата и ко-апликантот треба да имаат соодветни човечки и административни капацитети и да бидат активни субјекти кои може да презентираат претходно искуство и реализирани проекти.

**Број на апликации**

На овој повик, секој правен субјект може да се јави **само еднаш** и тоа:

- или како носител на апликација
- или како ко-апликант.

Доколку некој правен субјект го нема испочитувано горенаведеното, апликациите каде се појавува како носител и/или ко-апликант нема да бидат разгледувани и автоматски ќе бидат одбиени сите апликации во кои тој правен субјект се јавува како носител и/или ко-апликант.

**Финансирање**

За овој повик организациите кои ќе поднесат апликација **не се обврзани** да обезбедат дополнителни средства (под дополнителни средства се подразбираат сите начини на ко-финансирање кои носителот на апликацијата и ко-апликантот можат да ги обезбедат). Иако не се обврзани да придонесат со дополнителни средства, доколку обезбедат такви средства тоа ќе биде дополнително вреднувано при евалуацијата на апликациите.

**Времетраење на проектот:**

Проектот треба да трае најмногу до 12 месеци, но да не биде пократок од 6 месеци.

**Локација:**

Проектот може да се спроведува на територија на целата држава или да биде фокусиран на една или повеќе општини или плански региони.

**Видливост:**

Сите апликанти кои ќе бидат поддржани од Фондацијата д-р Верица Механџиска треба да ги преземат сите неопходни чекори за да обезбедат видливост во општата јавност на Фондацијата д-р Верица Механџиска која го финансира проектот. Проектите треба да вклучуваат информации и комуникациски активности осмислени за да ја подигнат свеста на целната група и/или општата јавност.

**Важни информации за пополнување на апликацијата:**

Формуларот и прилозите треба да бидат целосно пополнети на македонски јазик.

Формуларот за аплицирање целосно се пополнува електронски. Овој формулар нема потреба да се потпишува и печатира. Формуларот за аплицирање се поднесува во MS Word. Ве молиме користете македонска поддршка во фонт Calibri со големина 12.

Формуларот кој ќе биде пополнет рачно нема да се земе предвид. Внимавајте да ја почитувате бараната должина на текстот за секој дел од формуларот, вклучително и фонт и големина на фонтот.

Прилог 1 од пакетот за аплицирање треба да биде целосно пополнет електронски. Истиот се поднесува во Excel и нема потреба да се потпишува или печатира.

Прилозите 2 и 3 се поднесуваат потпишани и со печат. Истите се доставуваат во pdf. Ве молиме користете македонска поддршка во фонт Calibri со големина 12 при пополнување на прилозите.

Можност за аплицирање имаат само правни субјекти од државата.

**Потребни документи за аплицирање**

Апликациите мора да се поднесат по електронски пат, како една и единствена е-порака со наслов: „Повик за апликации за доделување на грантови", на следната адреса :

info@fvm.com.mk

Секоја апликација мора во прилог да ги содржи следните документи во соодветен формат (MS Word/Excel и во pdf. согласно горенаведените инструкции):

- Пополнет формулар за аплицирање;
- Пополнет прилог 1- Детален буџет на проектот;
- Пополнет прилог 2- Изјава за пристапување кон реализирање на проект од носителот на апликација;
- Пополнет прилог 3- Изјава за пристапување кон реализирање на проект од ко-апликант.

Оние правни субјекти кои ќе бидат избрани да се поддржани во рамките на оваа програма за доделување грантови пред потпишувањето на договорот ќе треба да:

- достават доказ за правен статус на носителот на апликацијата и ко-апликантот (потврда за тековна состојба издадена од Централниот регистар, не постара од шест месеци)- скенирана верзија.
- достават копија од завршната сметка за 2025година.
- отворат наменска сметка за грантот
- исто така се очекува од грантистите да соработуваат со останатите грантисти, да споделуваат знаење и искуства, како и да учествуваат во други активности на

Фондацијата д-р Верица Механџиска со цел да се промовира проектот и неговите резултати.

**Трошоци:**

**При пополнување на буџетот имајте во предвид кои се прифатливи, а кои не се прифатливи трошоци.**

Во рамките на овој повик вообичаените оперативни и директни трошоци ќе бидат подобни, вклучително:

- трошоци за надомест на ангажираниот персонал вклучен во реализирањето на проектот;
- патни трошоци поврзани со активностите во проектот;
- канцелариски трошоци кои се релевантни за предложените активности и се однесуваат само на проектот;
- директни трошоци за активностите настанати за време на фазата на спроведување на предлог-проектот;
- други трошоци кои може да произлезат од специфичноста на проектот, но мора да се во тесна врска со реализацијата на истиот.

Во рамките на овој повик нема да се сметаат за подобни трошоците кои предвидуваат лична заработка и корист; трошоци за финансирање политички партии и избори; трошоци за ретроактивно финансирање; трошоци за финансирање на трети лица и долгови и давачки за подмирување долгови; како и други трошоци кои ќе бидат проценети дека се неподобни, а не се наведени погоре.

Проектот може во целост да биде финансиран од Фондацијата д-р Верица Механџиска. Иако не се бара, посебно ќе биде ценето доколку во реализирањето на проектот има обезбедено и ко-финансирање од страна на носителот на апликацијата и ко-апликантот. Во случај на ко-финансирање, апликантите мора да имаат во предвид дека финансиското известување на грантот ќе треба да го прават за вкупниот буџет на проектот (односно и за средствата обезбедени од Фондацијата д-р Верица Механџиска и за дополнителните средства).

**Прашања и информации**

Секое прашање или потребна информација поврзано со повикот може да се достави на следнава е-пошта: deni@fvm.com.mk со назнака: Прашање за повик за апликации за доделување на грантови, најдоцна до 15 мај 2026г до 15:00 часот (македонско време).

**Краен рок и начин на поднесување**

**Рокот за поднесување на апликацијата е 28 мај 2026 година, најдоцна до 15:00 часот (македонско време)**. Датумот и часот на **пристигнување** на електронската пошта ќе се смета за релевантен доказ за поднесување на апликацијата во зададениот рок.

Апликациите доставени по овој рок нема да бидат разгледувани (иако се примени). Апликациите треба да се достават исклучиво на следнава е-пошта: info@fvm.com.mk како единствена е-порака со наслов : „Повик за апликации за доделување на грантови“.

Фондацијата д-р Верица Механџиска нема да прифаќа пријави доставени по редовна пошта, рачна достава или било кој друг начин, освен оние поднесени исклучиво на следнава е-пошта: info@fvm.com.mk

Доколку имате технички проблем при поднесување на апликација пишете на: deni@fvm.com.mk

Секој кој ќе поднесе апликација ќе добие повратна порака дека апликацијата е примена.

Содржината на апликациите нема да биде достапна за пренесување на трети лица.

Фондацијата има обврска по завршувањето на евалуацијата на апликациите, до сите носители на апликации да испрати е-маил порака (на доставениот е-маил контакт во апликација) дали проектот е прифатен и ќе биде финансиран или не. Фондацијата нема обврска да испрати детален фидбек до секој кој аплицирал за евалуацијата на апликацијата.

**Оценка на апликациите:**

При оценувањето на апликациите најпрво ќе се изврши административна проверка, односно:

- Дали е почитуван **крајниот рок и начин на поднесување на апликацијата**- ако апликацијата е доставена во зададениот краен рок, датум и час, на начин кој што е наведен во ова упатство, истата ќе се прифати и разгледува, доколку не е, апликацијата нема да се разгледува;
- Целосно пополнет **Формулар за аплицирање**- Формуларот треба да е поднесен во бараниот образец и да е целосно пополнет согласно дадените насоки;
- Целосно пополнет **Буџет**- Буџетот треба да е поднесен во бараниот формат согласно дадените насоки;
- Пополнети прилог 2 и прилог 3- **Прилозите** 2 и 3 треба да се уредно пополнети и доставени. Изјавите од носителот на апликацијата и од ко-апликантот треба да се потпишани од законските застапници на правните субјекти;
- Формуларот за аплицирање, буџетот и прилозите треба да се пополнети и поднесени на македонски **јазик**.

Ќе се изврши проверка дали секој апликант е вклучен во **само една апликација** (независно дали е носител на апликација или ко-апликант). Во случај да се воочи дека некој апликант е дел од повеќе апликации, ниту една од тие апликации нема да се разгледува.

Апликантите имаат право да побараат средства од максимум 10000 ЕУР од Фондацијата д-р Верица Механџиска. Вкупниот буџет на проектот може да надминува 10000 ЕУР, но остатокот од средствата носителот на апликацијата и ко-апликантот мораат да ги обезбедат од други дополнителни средства (сопствени средства или ко-финансирање). Доколку бараните средства од Фондацијата д-р Верица Механџиска надминуваат 10000 ЕУР, апликацијата нема да се разгледува.

На основа на податоците за носителот на апликацијата и за ко-апликантот како и на нивното претходно релевантно искуство ќе се направи и проценка за подобноста и нивниот **капацитет за спроведување на проектот** (вклучувајќи персонал, ресурси и способност да раководат со буџетот, но и капацитети и искуство поврзани со темата за која аплицираат).

**Временската рамка** за реализирање на проектот не смее да надминува 12 месеци и да биде пократка од 6 месеци. Проектите треба да се проекти од јавен интерес и да се реализираат или во целата држава или во одделни општини/плански региони.

Критериумите по кои ќе се оценува апликацијата се:

- Дали административните барања се целосно задоволени?
- Дали носителот на апликацијата и на ко-апликантот имаат капацитет да го спроведуваат проектот и ги исполнуваат останатите барања за подобност?
- Дали и двата партнери се суштински застапени во реализирањето на проектните активности?
- Дали предлог-проектот е релевантен за овој повик на Фондацијата д-р Верица Механџиска?
- Дали е јасно што се постигнува со овој проект?
- Дали очекуваните резултати се усогласени со наведените цели? Дали наведените индикатори се мерливи и дали преку нив лесно ќе се следи остварувањето на општата и специфичните цели?
- Дали се јасно дефинирани потребите и проблемите со кои се соочува целната група? Дали е наведено како ќе биде вклучена целната група и другите релевантни чинители во проектот?
- Дали предложените активности се соодветни, практични и во согласност со поставените цели и резултати? Дали се јасно дефинирани начините и методите преку кои ќе се реализираат планираните активности?
- Дали е понуден издржан начин на кој ќе се следат постигнувањата и ќе се мерат резултатите? Дали предлогот вклучува добро дефинирани индикатори за мерење на резултатите и постигнувањата?
- Дали проектот е одржлив? Дали проектните активности и проектните резултати ќе продолжат да се користат и во иднина?
- Дали временската рамка за спроведување на проектот е јасна, реална и остварлива?

- Дали предложениот проект ќе изврши влијание и/или ќе придонесе во надминување на горливи предизвици поврзани со нарушувањето од спектарот на аутизам?
- Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот? Дали односот меѓу предвидените трошоци за активностите и очекуваните резултати е соодветен? Дали е соодветна распределбата по буџетските линии? Дали буџетот е логично распределен меѓу носителот и ко-апликантот?
- Дали носителот и ко-апликантот обезбедуваат и дополнителни средства? (Иако не се обврзани да придонесат со дополнителни средства, доколку обезбедат такви средства тоа ќе биде дополнително вреднувано при евалуацијата на апликациите.)

План од објавување на повикот до потпишување на договор**:**

| | |
|---|---|
| **Објава на повикот:** | 30.04.2026 |
| **Краен рок за поднесување апликации:** | 28.05.2026, најдоцна до 15:00 часот (македонско време) |
| **Известување за доделени грантови и одбиени пријави:** | 20.06.2026 |
| **Потпишување на договори:** | 30.06.2026 |
| **Почеток на проектите:** | 01.07.2026 |

Фондацијата д-р Верица Механџиска го задржува правото да го промени и ажурира овој план. Поради тоа, ги поттикнуваме сите апликантите редовно да ги проверуваат социјалните медиуми на Фондацијата за да се во тек со сите измени или нови информации.